Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма ( Џ 10) за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Џ 10) за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/9
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 62 точка 1и 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), и врз основа на член 37, и член 51 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20“), и врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија бр. 6/2012“) Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 166/2014), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА
## (Џ 10 ) ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ
## ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

| Програма ( Џ 10) за еднакви можности на жените и мажите и во Општина Кисела Вода | |
|---|---|
| Град/општина | Општина Кисела Вода |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Комисија за еднакви можности на мажите и жените при Советот на Општина Кисела Вода |
| **Правна основа** | ✓ Законски обврски –Законот за еднакви можности на жените и мажите ( 6/2012) Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите ( 166/2014), Закон за спречување и заштита од насисլство (24/21) и Закон за спречување и заштита од дискриминација ( 258/20)<br>✓ Европска Повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници<br>✓ Инстамбулската конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство |
| **1. Вовед/опис на програмата** | - Оваа Програмата се донесува согласно со одредбите на Законот за еднакви можности кој ги задолжува сите јавни тела да усвојат посебни мерки за унапредување на родовата еднаквост за промоција и реализација на активности за еднакви можности како составен дел од нашата локална заедница. Еднаквите права на жените и мажите се клучни за унапредување на мирот, одржливата демократија и економскиот развој и се приоритетни цели на секоја институција која се залага за демократско општество. |
| **2. Процес на** | Човекови права и еднаквост<br>Еднаквост на жени и мажи |

<table>
<tr>
<td>донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување</td>
<td>Политика<br>Семејно насилство<br>Економија</td>
</tr>
<tr>
<td>3. Цел на програмата или цели и опис</td>
<td>Надминување на стереотипите и предрасудите за мажите и жените,<br>Подигнување на свеста за еднаквоста помегу жените и и мажите<br>Поддршка на секторите за воведување на мерки и индикатори за сензибилни програми за еднаквост на жените и мажите</td>
</tr>
<tr>
<td>4. Мерки (или тематска област)<br>5.</td>
<td>Приоритетни цели предвидени во Програмата се:<br><br>Мерка 1<br>Донесување на Стратегија за еднакви можности за жените и мажите<br><br>
<table>
<tr><th>Активност</th><th>Индикатори</th><th>Резултати</th><th>Временска рамка</th><th>Буџет</th><th>Носител на активност</th><th>Забелешка</th></tr>
<tr><td>1.<br><br>Донесување на Стратегија за еднакви можности на жените и мажите<br><br>Работилница за КЕМ за спроведување на Стратегијата</td><td>Ораганизација и план за спроведување на низа активности, спречување на предрасуди и подигање на свеста</td><td>сензитивни годишни програми и подигање на свеста за еднаквоста помеѓу жените и мажите</td><td>Јануари 2024</td><td>Печатење од УН Вомен<br><br>Општина К.В.</td><td>Општина Кисела Вода во соработка со УН Вомен</td><td></td></tr>
</table>
<br>Мерка 2</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Работилница за развој на стратегијата за еднакви можности на жените и мажите |

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Работилница за развој на стратегијата за еднакви можности на жените и мажите за месни и урбани заедници | Подигнување на свеста и стручноста на секторите при изработка и мерење на индикатори во Годишните програми За месни заедници и интерсекторска група | Годишни програми со сензибилитет за потребите на жаните и мажите подеднакво | Февруари 2024 | УН Вомен | ОКВ Ставка 426990 износ 10.000 ден.и УН Вомен | |

**Мерка 3**

**Работилница за правна помош за жени кои не ги знаат права од работен однос**

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Работилница за правна помош за жени кои не ги знаат права од работен однос | Заштита н правата на жените од работен однос | Заштитени права од работен однос и недискриминација на жени на работа | Март 2024 | ОКВ Ставка 426990 износ 10.000,00 ден | ОКВ во соработка Народен правобранител | |

**Мерка 4**

**Обука на жени од рурални средини за користење и аплицирање на ИПАРД фондови**

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. обука на жени од рурални средини за користење и аплицирање на ИПАРД фондови | Невработени жени од рурални средини | Остварување на правата на социјално ранливи категори | Април 2024 | Општина Кисела Вода Ставка 426990 Износ 10 000,00 | Општина Кисела Вода и Невладини организиации | |

**Мерка 5**

Обука на интерсекторска група за мерење и изготување на извештаи за индикатори и мерки за еднаковост на мажите и жените

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Обука за изготвување на извештаи за индикатори и мерки за еднаквост на жените и мажите | Подигнување на свеста и стручноста на секторите при изработка и мерење на индикатори во Годишните програми | Годишни програми со сензибилитет за потребите на жените и мажите подеднакво | Мај 2024 | УН Вомен | ОКВ и НО и УН Вомен | |

**Мерка 6**

Организирање на рекреативен спорт за жени мајки од социјален ризик во спортските сали

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Спорт за мајки во социјален ризик | Бесплатна рекреација за жени и мајки од социјално ранливите категории | Поздрави и посрекни мајки | Јуни – јули 2024 | Општина Кисела Вода Ставка 425990 Износ 60.000,оо ОКВ | ОКВ | |

**Мерка 7**

Обука за вработените во ОУ и Градинки за препознавање и справување со семејно насилство

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Обука за препознавање и справување со семејно насилство | Семејно насилство | Намалување на насислтво | Септември 2024 | Општина Кисела Вода Ставка 425990 износ 55.000,оо ОКВ | ОКВ И Невладини организиации и Здруженија на граѓани | Во Домот на културата |

**Мерка 8**

Изработка на брошура за препознавање и спречување на семејно насилство

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на брошура за спречување на семејно насилство | Спречување на семејно насилство насислство | Намелен стпен на семејно насилство | Октомври 2024 | Општина Кисела Вода Ставка 426990 износ 30.000,00 денари | ОКВ и Невладини организиации | |

**Мерка 9**

Активности за 16 дена  женски активизам

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Настан за подигање на свества кај жените за пријавување на насилство ,, Не си сама“ | Спречување на семејно насисилство и секакво друго насилство врз жените и девојчињата | Безбедни и среќни жени | ноември | ОКВ  и Но Ставка 426990 износ 20 000 | ОКВи Невладини организиации | Во домот на културата |

Формирање на Совет на жени претприемачи

| Активност | Индика тори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на Совет на жени претприемачи | Економско јакнење на жената | Поголема вработеност и економски посилини жени | Декември 2024 | Општина Кисела Вода Ставка 426990 Износ 15 000,оо | Окв и Невладини организиации | Во домот на Културата |

| | |
|---|---|
| **6. Очекувани резултати од мерките** | Подигнување на свеста за еднаквите можности, следење собирање и анализирање на податоци , и следење на постигнатите резултати , како и мониторинг и евалуација на целата програма на резултатитие од мерките. |
| **7. Ризици** | Немање доволно средства за реализација , не доволна информираност на граѓаните , стареотипи и предрасуди |
| **8. Буџет на програмата и извори на финансирање** | **Мерка 1**- Стратегија за еднакви можности за мажите и жените Интерсекторска група во соработка со УН Воман печатење од УН Воман<br>**Мерка 2-** Работилница за развој на стратегијата за еднакви можности на мажите и жените - Општина Кисела Вода во соработка со УН Воман ОКВ -**10.000,00 денари**<br>**Мерка 3-** Работилница за правна помош за жени кои не ги знаат права од работен однос- ке се бараат донации од невладин сектор или здрауженија на граѓани – Општина Кисела Вода 1**0.000,00 денари**<br>**Мерка 4-** обука на жени од рурални средини за користење и аплицирање на ИПАРД фондови - 1**0.000,00 денари ОКВ**<br>**Мерка 5-** Обука на интерсекторска група за мерење и изготување на извештаи за индикатори и мерки за еднаковост на мажите и жените во Годишните програми – Невладини организации |

| | |
|---|---|
| | **Мерка 6-** Организирање на рекреативен спорт за жени мајки од социјален ризик во спортските сали – **ОКВ со спортските клубови и НО -60.000,00 денри ( тренери )**<br>**Мерка 7** - Обука за вработени во ОУ и Градинки за препознавање и справување со семејно насилство - **55.000,00** ден од ОКВ , ќе се бараат донации од Невладини организации и Здруженија на граѓании<br>**Мерка 8** - изработка на брошура за спречување на семејно насилство насилство - ОКВ 3**0.000,00** денари ОКВ и Невладини организации<br>**Мерка 9** - Настан за подигање на свеста кај жените за пријавување на насилство- **20 000,00 ОКВ** и Невладини организации<br>**Мерка 9**-1 Формирање на Совет на жени претприемачи - **15.000,00 ден.**<br>**Вкупно буџет – 210.000,00 денари** |
| **9. Кој ќе го следи извршуваието на програмата?** | Следење на реализацијата на мерките и мониторинг ќе врши Комисијата за еднакви можноси на ОКВ заедно со Интерсекторската група и координаторот со заменикот за еднакви можности во ОКВ Мониторингот и следењето ќе се врши со квартални извештаии за реализираното на основа на собрани податоци од интерсектроската институции невладин сектор и граѓански здруженија. |
| **10. Завршни и преодни одредби** | Според согледаните резултати и извештаи за тековната година ќе се прави наредната Програма за еднакви можности на мажите и жените. |

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27 декември 2023 година на Советот на Општина Кисела Вода
Скопје Иван Живковски с.р.